**IPSA (Меѓународно политиколошко здружение)**

**Светски политиколошки конгрес**
**Познањ, Полска, јули 2016**

Др. Ана Мишковска Кајевска, Амстердамски универзитет

# Закон за прекинување на бременост од 2013 година: Јасна слика за укинувањето на демократијата во Македонија[1]

## Вовед

Овој труд ги содржи моите првични сознанија и размислувања во врска со процесот што доведе до стапување во сила на новиот закон за прекинување на бременост (скратено: закон за абортус) во Република Македонија во 2013 година. При разработувањето на оваа студија на случај и проучувањето на службени документи и медиумски записи, го следев еден од принципите на Чарлс Тили (Charles Tilly, 2007:60) за опишување на демократија, демократизација и дедемократизација: „Фокусирајте се на набљудување на интеракциите помеѓу граѓан(к)ите и државите...набљудувајте што се случува кога групи на граѓан(к)и поставуваат барања до државните службенички/ци и кога државните службеници/чки сакаат да ги спречат своите непријател(к)и и ривал(к)и“. Тврдам дека ова донесување на закон е типичен пример на вознемирувачкото фактичко укинување на и онака ранливата демократија во повој во Македонија.

Ја пишувам оваа статија во ситуација на голема политичка нестабилност и криза, редовни масовни улични протести низ целата земја, како и континуирана злоупотреба на моќ од страна на владеачките партии, ВМРО-ДПМНЕ пред сè, полицијата и судството. Овие збиднувања го отежнуваат дистанцирањето од секојдневието, тековното државно насилство и уништувачка политика, особено поради тоа што истата оваа партија го трасираше патот за, а потоа и го спроведе, ваквиот значаен упад во корпусот на женските човекови права и во телата на жените.

[1] Сопствен превод од англискиот изворник.

Претходни случувања

Сè до јуни 2013 година, Република Македонија имаше прилично либерален закон за абортус, кој потекнуваше од нејзиното социјалистичко минато. Откако Македонија се здоби со независност од Социјалистичка Федеративна Република Југославија во 1991 година, некои свештени лица и конзервативни (националистички) политичар(к)и и интелектуалци/ки повремено повикуваа на ограничување или забрана на абортусот, но немаше големи кампањи против правото на избор. Ова започна да се менува во 2008-2009 година. Големо количество на непотпишани постери, кои содржеа вознемирувачки фотографии и тврдења дека абортусот е убиство, беше залепено на видливи локации. Ниту една невладина организација (НВО) или државна институција не презема одговорност за оваа акција, а Владата негираше било какви обиди за ограничување на пристапот кон абортус. Нејзините службеници/чки изјавуваа дека размислуваат за законски измени само со цел модернизација на постоечкиот закон од 1976 година.

Истовремено, Владата – првенствено составена од членови/ки на националистичката демохристијанска партија ВМРО-ДПМНЕ – ја зголеми цената на абортусот во државните гинеколошки установи, спроведе кампања за трето дете и воведе паричен надоместок за оние што ќе се одлучат на тој чекор. Покрај тоа, Владата објави тендер за изработка на видеоспотови за објаснување на последиците од абортусот. Видеоспотовите воопшто не беа предвидени да бидат неутрални што се гледаше и од нивниот опис, кој содржеше христијански поими и неточни информации. Тие требаа да го величаат мајчинството и промовираат раѓањето, а и сугерираа дека жените што се одлучиле на абортус извршиле убиство (Ацевска, 2009; *Дневник*, 2009; ХЕРА, 2009; Службен весник, 18/1976; *Вест*, 2009).

Некои опозициски партии, НВОи за човекови права и женски НВОи, како и прогресивни интелектуалки/ци, новинар(к)и и медицински лица, ги осудија овие лажливи активности и недостатокот на транспарентност во врска со гласините за подготовка на рестриктивен закон за прекинување на бременост. Критичар(к)ите се спротиставија и на тоа што Владата ѝ дозволи на Македонската православна црква да упадне во уставно загарантираните секуларност и право на слободен избор во врска со раѓањето на деца. Тие ги истакнуваа погубните последици, особено врз жените, од стигматизацијата и забраната на абортусот. Без да го промовираат абортусот како начин на контрола на раѓањето, тие повикаа на заштита на женските сексуални и репродуктивни права, сигурен, дозволен и финансиски достапен абортус, широк пристап до квалитетни контрацептивни средства и сеопфатно

образование за нивната употреба (Хелсиншки, 2010; Јовановска, 2009; Коалиција, 2009; Колозова, 2008; Љ. Б., 2009; Сапунов et al., 2009).

Сите овие повици беа попусто. Во 2010 и 2011 година во медиумите се појавија неколку видеоспотови и огласи против правото на избор, како дел од владината кампања „Избери живот. Имаш право на избор. Кампања за објаснување на последиците од Абортусот [sic]“. Веќе од насловот беше јасно дека кампањата не беше замислена неутрално да ги претстави добрите и лошите страни на раѓањето и абортусот. Користејќи се со лажливи податоци и исклучително застрашувачки и моралистички дискурс, кампањата не го промовираше правењето на добро осмислен избор, туку имаше за цел наметнување на конкретен избор – раѓање – и стигматизација на оние што би избрале или веќе избрале поинаку. И овој пат дојде до жестока дебата, при која поддржувач(к)ите на правото на избор одново ја запрашаа Владата дали го подготвува теренот за рестриктивен закон за абортус. Владата повторно одговори одречно и објасни дека единствената цел на кампањата е да ја образува јавноста за штетните последици од абортусот (ХЕРА и ЗГОМ, 2011; Јовановска, 2011; Пандевска, 2011; Поповска, 2011; Стојановски, 2011).

<u>Контроверзна процедура, контроверзен закон</u>

Со исклучок на ироничното омаловажување на борбата за женски права од страна на Премиерот (и претседател на ВМРО-ДПМНЕ), 2012 година не донесе нови збиднувања во врска со абортусот. Се покажа дека тоа беше затишје пред бура. На Велигден 2013 година, високо рангиран верски службеник на Македонската православна црква изјави дека за да опстанат македонската нација и црква жените секогаш треба да изберат да родат. Само две седмици подоцна, Владата, преку Министерството за здравство, поднесе до Собранието предлог-закон за прекинување на бременост што требаше да биде донесен по скратена постапка. Повторувајќи ги аргументите дадени во 2009 година, законодавецот ја наведе потребата од модернизација на законот од 1976 година преку негово прилагодување на актуелниот систем на здравствена заштита и методи и принципи на лекување. Барањето за скратена постапка беше оправдано со тврдењето дека законот не е сложен и обемен. Иако ова образложение беше во согласност со собранискиот деловник, содржината на предлог-законот откри дека и барањето и образложението беа недемократска димна завеса, која имаше за цел да ги затскрие значителните измени и спречи поголеми дебати и протести, т.е. ја намали критиката (Дувњак, 2016; *МКД*, 2013; Ризвановиќ, 2012; Влада, 2013а).

Предлог-законот не го забрани абортусот, но суптилно, ама драстично, го отежна пристапот до него преку бирократизирање, усложнување и одолговлечување на постапката, како и преку воведување на високи парични и затворски казни за непослушните медицински лица. На пример, за разлика од одредбите на законот од 1976, жената што сака да абортира[2] треба да поднесе писмено барање за извршување на зафатот (вклучувајќи и наод од ултразвучен преглед), оди на задолжително советување за контрацепција, предностите на раѓањето и ризиците од абортусот, за дури по истекот на последователниот задолжителен период на чекање од три дена ѝ биде дозволено да се подложи на интервенцијата (Габер-Дамјановска, 2016; Влада, 2013а).

Иако предлог-законот беше прикажан како едноставен и необемен, тој беше токму спротивното. Тој беше сложен не само поради сложеноста на прашањето што го третираше – односно, пропушти, всушност, да го третира – туку и поради многуте содржани нејаснотии и противречности. Понатаму, беше неминовно дека законот ќе има обемни и далекосежни последици за жените што се справуваат со несакана бременост и дека ќе го зголеми бројот на несигурни нелегални абортуси, со оглед на неговиот рестриктивен карактер и контекстот во кој ќе беше применуван: претежно конзервативна и осиромашена земја, без сеопфатно сексуално образование и финансиски достапна контрацепција, а со недоволно екипиран, претоварен и не нужно лесно достапен систем на јавна здравствена заштита (Association, 2016; HERA et al., 2016).

Значи, и покрај тоа што Владата никогаш не најави, а дури и претходно одрекуваше, дека работи на нов закон за абортус, наеднаш поднесе негов нацрт до Собранието и ја забрза процедурата. НВОи, опозициски партии, медицински лица и јавни личности изразија огромно незадоволство. Членки/ови на Европскиот парламент и меѓународни организации упатија пораки на загриженост до македонските власти. Беа организирани и јавни протести пред Собранието. Поборничките/ците на правото на избор бараа предлог-законот да биде повлечен од собраниската процедура и за него да се отвори широк консултативен процес. Тие ја критикуваа нетранспарентноста на Владата, нејзиниот безобразен упад во слободното одлучување во врска со раѓањето и непочитување на меѓународните документи што Македонија ги има ратификувано, како што се Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените и Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи.

Задолжителниот период на чекање, кој ја омаловажи способноста на жените за расудување и ја зголеми ризичноста на зафатот, беше сметан за особено проблематичен.

[2] Постојат исклучоци во случај на бремени малолетнички и жени со одземена или ограничена деловна способност, опасност по здравјето на жената, како и бременост што е последица на силување.

Друга огромна причина за загриженост беше воведувањето на задолжително советување. Предлог-законот не наведе кои конкретни современи стандарди на лекување ќе бидат употребени, а критичар(к)ите се сомневаа во нивниот наводно модерен карактер и базираност на докази. Битна причина за оваа недоверба беше неусогласеноста на законот со насоките за сигурен абортус на Светската здравствена организација (World Health Organization, 2012), кои беа децидно против било какви одложувања и други попречувања на давањето на оваа медицинска услуга. Религиозниот и анти-абортусен дискурс на владините кампањи даваше уште помалку простор за оптимизам (HERA et al., 2016; М. В., 2013; Најчевска, 2013; Ризвановиќ, 2013; Симоновиќ, 2013; Ванковска, 2013).

Се покажа дека јавната расправа, организирана од собраниската комисија за здравство, не беше ништо повеќе од про форма настан. Токму како и неговите сопартијки/ци од владеачката ВМРО-ДПМНЕ, министерот за здравство не покажа никаква намера да ги сослуша приговорите и направи отстапки. Тој упорно одречуваше дека законот е на било кој начин рестриктивен и го бранеше воведувањето на задолжително советување со правото на жените да бидат информирани. Сето тоа време тој ширеше лажни информации, како оние дека предложениот закон е скоро идентичен на претходниот и дури и полиберален од холандскиот. Злоупотребувајќи го фактот дека некои од спротиставените НВОи работат и на ЛГБТ правата, тој употреби дискриминаторски и хомо-, би- и трансфобичен дискурс за да ја делегитимизира целата невладина опозиција и рече дека не може да се очекува тој да се сложи со такви организации чии гледишта тој ниту ги дели, ниту, пак, почитува (*А1он*, 2013; Хелсиншки, 2013, 2014; Комисија за здравство, 2013; Јовановска-Вељановска, 2013).

Собранието го донесе законот на 10 јуни 2013 година, само дваесет дена откако го доби неговиот прв нацрт. Беа воведени некои измени, но пристапот до абортус остана отежнат и усложнет. Во завршната расправа, поддржувач(к)ите на законот повторно тврдеа дека тој е либерален и не крши ниту едно женско право. Истовремено, тие не пропуштија да напоменат кои се предностите на раѓањето и опасностите од имањето абортус. Пратениците/чките не делуваа вознемирено поради тоа што огромно мнозинство од собраниската опозиција беше отсутно и не гласаше во знак на протест против содржината на предлог-законот, процедурата и тонот на претходните дебати. На оние што гласаа очигледно не им пречеше ниту тоа што изгласаа фаличен закон со многу недоречености и противречности (Marušić, 2013; Младеновска, 2013; Собрание, 2013; Влада, 2013б).

Континуирано игнорирање на спротивните гледишта

Откако Собранието го донесе законот, тој беше испратен до Претседателот на завршно одобрување. Различни НВОи и граѓан(к)и му пишаа на Претседателот, барајќи од него да го употреби своето право да не го потпише указот и му го врати законот на Собранието за дополнително разгледување. ХЕРА, една од овие НВОи и главни двигателки на одбраната на правото на избор, беше повикана во кабинетот на Претседателот за да ги изложи своите забелешки. И оваа покана се покажа како про форма чин. Претседателот не само што го потпиша указот, туку и кога ХЕРА ја критикуваше оваа негова постапка, од неговиот кабинет одговорија дека законот ги содржи истите одредби како и претходниот и на ниту еден начин не ги попречува жените слободно да одлучуваат за прекинувањето на бременоста. Оваа формулација ги пресликуваше оние изречени од пратениците/чките и владините претставници/чки од ВМРО-ДПМНЕ и покажа дека дури и Претседателот, кој победи на претседателските избори како кандидат на оваа партија, одлучи да шири неточни информации, во целост ги игнорира спротивните гледишта и придонесе, притоа, кон влошувањето на положбата на жените во државата (ХЕРА, 2013а, 2013б; Мишковска Кајевска, 2013; *ПлусИнфо*, 2013; Службен весник, 87/2013).

Во септември 2013 година, употребувајќи го едиствениот преостанат демократски механизам за измена на законот кој веќе беше стапен во сила, една професорка по право и четири НВОи поднесоа до Уставниот суд иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на законот. Во текстот долг осумнаесет страници, потписничките/ците посочија, меѓу другото, дека одредбата за поднесување на писмено барање и задолжителното советување се спротивни на уставно загарантираното слободно одлучување во врска со раѓањето. Земајќи предвид дека овие одредби не постојат за ниту еден друг медицински зафат, тие ги дискриминираат жените. Покрај тоа, одредбите ја намалуваат контролата што жените треба да ја имаат врз сопствените тела и ја зголемуваат државната контрола врз нив.[3] Беа наведени и противречностите во самиот закон и неговата неусогласеност со меѓународните повелби што Македонија треба да ги почитува. За жал, ниту оваа иницијатива не вроди со плод. На седницата на Уставниот суд на 8 октомври 2014 година, сите освен една од судиите/јките се изјаснија дека не го сметаат законот за проблематичен и во целост ја отфрлија иницијативата. Во своето издвоено мислење, спротиставената судијка го изрази своето несогласување со одлуката на Судот да не ја оцени

[3] Роза Цагарусиану (Roza Tsagarousianou, 1995) зборува за јасна поврзаност помеѓу ограничувањето на пристапот кон абортус и третманот на жените како државна сопственост.

уставноста на ниту една од оспорените одредби и изјави дека потписничките/ците со полно право поднеле ваква иницијатива (Габер-Дамјановска, 2016; Ристова-Астеруд et al., 2013).

Паѓа в очи тоа што на Уставниот суд му требаше година дена за да се произнесе во врска со иницијативата, особено поради тоа што скоро едногласно ја отфрли. На 10 октомври 2014 година, два дена по одлуката на Уставниот суд, во Службен весник беше објавен правилникот за задолжителното советување, иако министерот за здравство беше законски обврзан да го изготви истиот најдоцна до 24 јуни 2014 г. (т.е. во рок од година дена по влегувањето на законот во сила). Токму како што поборничките/ците на правото на избор стравуваа, советувањето, чија содржина не беше претходно објавена, немаше намера да им помогне на жените да направат добро осмислен избор, туку да ги одврати од абортус. Спротивно на претходните редовни изјави на Министерот и неговите сопартијци/ки, бараниот ултразвучен преглед не беше само превентивна мерка за спречување на можните дополнителни ризици од прекинувањето на бременоста. Правилникот наведе дека докторката/от треба да ѝ покаже на жената динамична ултразвучна слика на плодот, ѝ го опише истиот и го вклучи звукот за таа да може да му го чуе срцебиењето. Докторот/ката треба, понатаму, да ја информира жената за можните предности на продолжувањето на бременоста и сите краткорочни и долгорочни (психолошки) здравствени последици од интервенцијата, како и да ѝ каже дека таа може да го повлече своето барање за абортус без никакви негативни последици врз нејзиното здравствено осигурување и идни медицински третмани. Правилникот не содржеше никакви одредби во врска со давањето на информации за последиците од раѓањето на непосакувано дете (Службен весник, 148/2014).

Овој правилник покажа уште еднаш колку беа измамувачки контрадикторните изјави на ВМРО-ДПМНЕ дека новата законска регулатива не се разликува од старата или, пак, дека се разликува само во смисол на модернизација на истата.[4] Дури и пред да биде објавен правилникот, а набрзо откако законот за абортус стапи во сила, новите владини видеоспотови покажаа дека ВМРО-ДПМНЕ има намера да оди многу подалеку во наметнувањето на својата фундаментална заложба против правото на избор. Особено проблематичен беше видеоспотот во кој насмеано медицинско лице му честита на маж за успешно извршениот абортус и му вели дека тој и неговата партнерка убиле „здраво бебе кое можеше да порасне во прекрасно момче или девојка“ (Кампањи, 2015. Види и: Цветковска, 2013).

[4] Ова не беше единствениот пат кога Владата зборуваше за подобрување во обид да го замаскира воведувањето или планираното воведување на дискриминаторска, или на друг начин штетна, политика. На пример, предложениот пакет на уставни измени, кој вклучуваше уставно дефинирање на бракот исклучиво како заедница меѓу маж и жена, беше претставен како воведување на нов квалитет и повисоки стандарди во земјата (Влада, 2014), а купувањето на застарен и понеквалитетен инсулин за дијабетичар(к)ите како набавка на „најмодерна терапија“ (Стојадиновиќ, 2016).

Одговарајќи на претставката упатена од страна на пратеничките/ците од најголемата опозициска партија, СДСМ, Советот за радиодифузија утврди дека видеоспотот крши некои од одредбите на Законот за радиодифузна дејност (на пример, забраната за заведување на јавноста и забраната за загрозување на човечкото достоинство). Сепак, на Владата ѝ беше дозволено да го прикажува видеоспотот помеѓу 00:00 и 05:00 часот. Во остатокот од денот можеше да се прикажува само поправена верзија во која нема да биде сугерирано дека абортусот, кој бил извршен во медицинска установа, е убиство. Владата одговори со изјава за јавност во која се прикажа себе си како оштетена страна, а оваа – всушност, многу блага – одлука ја нарече цензура, наметната од страна на опозицискиот СДСМ и НВОите финансирани од американскиот милијардер Џорџ Сорос.[5] Видеоспотот беше изменет, но на подбивлив начин: зборот „убивте“ беше прекриен со пискав звук, вметнат текст објаснуваше дека Советот за радиодифузија ја цензурирал содржината, а на крајот на видеоспотот беше додадена изјава против правото на избор. Две верзии завршуваа со изјави на Мајка Тереза, а третата верзија содржеше изјава на Роналд Реган.

Зборовите „убива“ и „убиство“ не беа експлицитно наведени во тие изјави, но, сепак, ги сугерираа, токму како и тоа дека луѓето се одлучуваат за абортус од себични причини. Особено многу говори тоа што беа искористени изјави на Мајка Тереза, со оглед на тоа што во Македонија на неа обично се гледа со благонаклонетост, како и тоа што таа е родена во Скопје. ХЕРА ја критикуваше оваа божемна измена и побара од Советот за радиодифузија потполно да го забрани видеоспотот, но не доби никаков одговор. Неколку месеци подоцна, ХЕРА и пет други НВОи поднесоа претставка до Комисијата за заштита од дискриминација во врска со содржината на наводно цензурираните видеоспотови, но Комисијата одлучи дека тие не се ни најмалку вознемирувачки или дискриминаторни (*Фаланга*, 2013; Комисија за заштита, 2014; *Радио МОФ*, 2013; Совет, 2013).

### Дедемократизација замаскирана како демократија

Во февруари 2015 година беше откриено постоењето на масовно државно прислушкување на, меѓу другите, странски дипломат(к)и, (опозициски) политичар(к)и, новинар(к)и и невладини активист(к)и. Со тоа се разоткри огромниот дијапазон на злоупотреба на моќ од страна на владеачките партии, а особено ВМРО-ДПМНЕ: масовни

[5] ВМРО-ДПМНЕ постојано се обидува да ги делегитимизира опозициските НВОи портретирајќи ги како предавници/чки и шпион(к)и што се финансирани од Сорос, т.е. како државни непријател(к)и. Пол Стабс (Paul Stubbs, 2013) пишува за истиот таков однос, кој властите во Хрватска и Србија го имале во деведесетите години на 20. век кон критичките НВОи во конкретната земја.

изборни измами и саботажа на изборниот процес, вклучувајќи го и избирачкиот список, употреба на физичко насилство против противниците/чките, уцена, рекет, корупција и обемна контрола на медиумите, судството и државните институции (Senior Experts' Group, 2015). Употребувајќи ја класификацијата на јавната политика на државните режими (Tilly, 2007:20), Македонија може да се опише како „недемократска држава со голем капацитет“, во која „гласот на јавноста, освен оној што е поттикнат од државата, е многу слаб [и каде што постои] обемно учество на државните безбедносни служби во секоја јавна политика“ (2007:20), што им „овозможува на властите да ја блокираат или поткопаат демократизацијата“ (2007:184). Поинаку кажано, Македонија е држава со голем капацитет за недемократија.

Ограничувањето на правото на слободно одлучување за раѓањето го симболизира, затоа, многу поширокото ограничување на правото на избор, т.е. на човековите права и слободи, кое Владата под водство на ВМРО-ДПМНЕ го презема изминатите години. Со други зборови, нејзината заложба против правото на избор не го засега само абортусот, туку и сите други сегменти на демократскиот ангажман во рамките на државата. Како што Силвија Валби (Sylvia Walby, 2015:112) забележува, „[д]емократијата вклучува политичко спротиставување...[меѓу] политички актер(к)и, почнувајќи од оние во проектите на граѓанското општество до оние вклучени во изготвувањето и извршувањето на владините програми“. Според тоа, а применето на ситуацијата во Македонија, кога Владата активно одвраќа од политички отпор преку, на пример, закани кон граѓан(к)ите дека ќе ги изгубат своите работни места ако учествуваат во опозициските протести или ако не учествуваат во контра-протестите на владеачките партии, тогаш станува збор за укинување на демократијата.

Во својата анализа на причините за (пост-)југословенските војни, Чип Гањон (Chip Gagnon, 2004) зборува за демобилизацијата на луѓето како хетерогени граѓан(к)и на Југославија и нивната паралелна мобилизација како хомогени членки/ови на националните заедници – процеси спроведени од страна на владеачките елити со цел останување на власт. На сличен начин, во Македонија може да се зборува за присилна владина демобилизација на луѓето како хетерогени политички актер(к)и и нивна присилна мобилизација како хомогени поддржувач(к)и на партиите на власт. Истата аналогија може да се направи и во однос на делегитимизацијата на противниците/чките поради нивното наводно поддржување на непријателски политики, кое е финансирано од странски извори: „Секое лице што ги критикуваше [владеачките партии]...беше демонизирано како сојузник/чка на непријателот“ (Gagnon, 2004:179).

Не е, затоа, претерување да се каже дека во Македонија постои „вонредна состојба“, т.е. „намалување на демократијата за време на прогласена криза...[и] укинување на правниот поредок со политички декрет“ (Walby, 2015:117). Иако Владата никогаш не прогласи ваква состојба, таа се однесува како да го сторила тоа. Непрогласената вонредна состојба вклучува „заобиколување [на] вообичаените процедури“ (Walby, 2015:117), кое во Македонија е највидливо во областа на законодавството. Според податоците за 2015 година,[6] 57% од новите закони биле донесени по скратена постапка (како што беше случајот со законот за абортус), при што има помалку време за собраниски расправи и собирање мислења од јавноста. Учеството на јавноста било дополнително отежнато поради тоа што таа можела да им пристапи на нацртите на само 6% од тие закони. Остатокот не бил објавен во Единствениот национален електронски регистар на прописи на Република Македонија, иако таквото објавување е задолжително (Македонски центар, 2016).

Гледано наназад, не треба да зачудуваат леснотијата, брзината и ароганцијата со кои во Македонија беше ограничен пристапот кон абортус и со кои беше наметнато противењето на правото на избор. И покрај тоа, тие треба да се сфатат како битни предупредувања за опасноста што им се закaнува на женските и останатите човекови права и слободи од страна на недемократските збиднувања, особено кога тие збиднувања се случуваат во наводно демократски институции и при наводно демократски процедури. На крај, ова искуство повикува на пошироко и побудно граѓанско вклучување во процесите на донесување на одлуки и закони, вклучувајќи и пријавување (разгласување) на кршењето на законите, фактичкото одземање на изборното право и недемократската мобилизација.

## Извори


*А1он*. (2013, јуни 7). Тодоров прифати амандмански интервенции на законот за прекинување бременост. Пристапено преку http://a1on.mk/wordpress/

Ацевска, А. (2009, јануари 21). Владата против абортус. *А1*. Пристапено преку www.a1.com.mk [не е повеќе достапно]

Association for Emancipation, Solidarity and Equality of Women – ESE et al. (2016, мај 5). Shadow report for consideration by the Committee on Economic, Social and Cultural Rights at its 58th Session (6–24 June, 2016). Пристапено преку http://tbinternet.ohchr.org

Ванковска, Б. (2013, јуни 3). Отворено писмо до пратеничките и пратениците. *Нова Македонија.* Пристапено преку www.novamakedonija.com.mk

*Вест*. (2009, јануари 24). Опаѓаат абортусите во Македонија. Пристапено преку http://star.vest.com.mk/


[6] Не постои ваква анализа за 2013 година.

Влада на Република Македонија. (2013а, мај 21). Предлог-закон за прекинување на бременост, по скратена постапка. Пристапено преку www.sobranie.mk

Влада на Република Македонија. (2013б, јуни). Дополнет предлог на закон за прекинување на бременост. Пристапено преку www.sobranie.mk

Влада на Република Македонија. (2014, јуни). Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. Пристапено преку www.sobranie.mk

Габер-Дамјановска, Н. (2016). *Во одбрана на Уставот и цивилизациските вредности*. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка. Пристапено преку www.mcms.org.mk

Gagnon, V. P. Jr. (2004). *The Myth of Ethnic War: Serbia and Croatia in the 1990s*. Ithaca & London: Cornell University Press.

*Дневник*. (2009, јануари 22). „Ревита“ ќе ги учи жените против абортусот. Пристапено преку www.dnevnik.mk

Дувњак, Г. (2016, јуни 7). Интервју: Принципот на владеење на правото е сериозно нарушен. *Утрински весник*. Пристапено преку www.utrinski.mk

Јовановска, Ј. (2009, јануари 29). Фронт за поддршка на абортусот. *Утрински весник*. Пристапено преку www.utrinski.mk

Јовановска, Ј. (2011, јануари 10). Владата пак му се нафрли на абортусот. *Утрински весник*. Пристапено преку www.utrinski.mk

Јовановска-Вељановска, Ј. (2013, мај 29). Што предвидува новиот закон. *Утрински весник*. Пристапено преку www.utrinski.mk

Кампањи на Влада на РМ. (2015, јануари 30). Кампања: Абортус – Цензура (Мајка Тереза 1). Пристапено преку https://youtu.be/mzj33qwI1Ws

Коалиција за заштита и промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници. (2009, јануари 26). Ја заборавивме практиката на властодржецот Чаушеску!. *Утрински весник*. Пристапено преку www.utrinski.mk

Колозова, К. (2008, ноември 14). Беседа против беседата на г. Иларион. *Дневник*. Пристапено преку www.dnevnik.mk

Комисија за заштита од дискриминација. (2014, април 3). Мислење. Пристапено преку www.kzd.mk

Комисија за здравство. (2013, јуни 5). Јавна расправа по Предлогот на законот за прекинување на бременост, по скратена постапка. Пристапено преку www.sobranie.mk

Љ. Б. (2009, февруари 12). НВО против забраната на абортусот. *Дневник*. Пристапено преку www.dnevnik.mk

Македонски центар за меѓународна соработка. (2016). *Огледало на Владата 2015: Учество на јавноста во процесите на подготовка на закони*. Скопје: Саздевски, М., Ѓузелов, Б. и Иваноска, Н. Пристапено преку www.mcms.org.mk

Marušić, S. J. (2013, јуни 10). Macedonia Adopts Controversial Abortion Law. *Balkan Insight*. Пристапено преку www.balkaninsight.com

Мишковска Кајевска, А. (2013, јуни 12). Жените во Иванов гледаат спас за законот за абортус. *Нова ТВ*. Пристапено преку http://novatv.mk

*МКД*. (2013, мај 6). За владиката Петар жената е виновна за разводите. Пристапено преку www.mkd.mk

Младеновска, П. (2013, јуни 10). Пратениците го изгласаа новиот закон за абортус. *Радио Слободна Европа*. Пристапено преку www.slobodnaevropa.mk

М. В. (2013, јуни 6). Зајакот се крие во советувањето со кое жената ќе се одврaќа од абортусот. *ПлусИнфо*. Пристапено преку www.plusinfo.mk

Најчевска, М. (2013, мај 29). Предлог закон за прекинување на бременоста – по скратена постапка. Пристапено преку www.kvadraturanakrugot.crnaovca.mk

Пандевска, М. (2011, јануари 18). Пропаганда и услови. *Дневник*. Пристапено преку www.dnevnik.mk

*ПлусИнфо*. (2013, јуни 18). Кабинетот на Иванов враќа на Х.Е.Р.А. – законот за абортус неспорен. Пристапено преку www.plusinfo.mk
Поповска, Т. (2011, јануари 11). Владината кампања може да се изроди во забрана на абортусот. *Дневник*. Пристапено преку www.dnevnik.mk
*Радио МОФ*. (2013, ноември 26). Кој си игра мајтап со Советот за радиодифузија?!. Пристапено преку www.radiomof.mk
Ристова-Астеруд, К. et al. (2013, септември 27). Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста. Пристапено преку www.mhc.org.mk
Ризвановиќ, С. (2012, октомври 24). Груевски ги дискриминира жените?. *24 вести*. Пристапено преку http://24vesti.mk/
Ризвановиќ, С. (2013, мај 29). 24 Анализа. *24 вести*. Пристапено преку http://24vesti.mk/
Сапунов, С. et al. (2009, февруари 4). (Достапен во архивата на авторката). Абортусот е право на секоја жена.
Senior Experts' Group. (2015, јуни 8). The former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015. Пристапено преку http://ec.europa.eu/
Симоновиќ, Б. (2013, мај 29). Дебата за промените во законот за абортус. *Алсат*. Пристапено преку www.alsat.mk
Службен весник на Република Македонија (87/2013). (2013, јуни 17). Закон за прекинување на бременоста. Пристапено преку www.slvesnik.com.mk
Службен весник на Република Македонија (148/2014). (2014, октомври 10). Правилник за содржината и начинот на советувањето на бремената жена пред прекинувањето на бременоста. Пристапено преку www.slvesnik.com.mk
Службен весник на Социјалистичка Република Македонија (18/1976). (1976, јуни 9). Закон за изменување и дополнување на Законот за прекин на бременоста. Пристапено преку www.slvesnik.com.mk
Собрание на Р. Македонија. (2013, јуни 10). Стенограм од седница бр. 62, точка 36. Пристапено преку www.sobranie.mk
Совет за радиодифузија. (2013, октомври 1). Известување. Пристапено преку http://arhiva.sdsm.org.mk
Стојадиновиќ, С. (2016, јуни 29). Тендерско поигрување со животите на граѓаните со дијабетес. *ПлусИнфо*. Пристапено преку www.plusinfo.mk
Стојановски, Ф. (2011, февруари 26). Македонија: Реакции на владината кампања против абортусот. *Global Voices*. Пристапено преку https://mk.globalvoices.org/
Stubbs, P. (2013). Flex actors and philanthropy in (post-)conflict arenas: Soros' Open Society Foundations in the post-Yugoslav space. *Croatian Political Science Review*, *50*, 114–138.
Tilly, C. (2007). *Democracy*. New York: Cambridge University Press.
Tsagarousianou, R. (1995). 'God, patria and home': 'Reproductive politics' and nationalist (re)definitions of women in East/Central Europe. *Social Identities*, *1*(2), 283–295.
*Фаланга*. (2013, октомври 2). РРД [sic] го повлече спотот против абортус, ВМРО-ДПМНЕ и РДРМ [sic] незадоволни. Пристапено преку http://falanga.com.au/
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија. (2010). *Годишен извештај 2009*. Скопје. Пристапено преку www.mhc.org.mk
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија. (2013). Квартален извештај за човековите права во Република Македонија април-јуни 2013. Пристапено преку www.mhc.org.mk
Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија. (2014). *Годишен извештај за состојбите во областа на човековите права во Република Македонија во 2013 година*. Скопје. Пристапено преку www.mhc.org.mk
ХЕРА. (2013а, јуни 18). Реакција во врска со потпишувањето на штетниот закон за прекинување на бременоста од Претседателот Иванов. Пристапено преку

www.facebook.com/hera.macedonia/notes
ХЕРА. (2013б, јуни 19). Реакција на соопштението на кабинетот на Претседателот Иванов. Пристапено преку www.facebook.com/hera.macedonia/notes
ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување. (2009). Стратешка рамка 2009-2013. Пристапено преку www.hera.org.mk
ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и ЗГОМ – Здружение на гинеколози опстетичари на Македонија. (2011, јануари 18). Соопштение до медиумите од прес конференцијата одржана на 18.01.2011. Пристапено преку www.hera.org.mk
HERA – Health Education and Research Association et al. (2016, мај). Updated information for the consideration of the Committee on Economic, Social and Cultural Rights regarding the review of the combined second, third and fourth periodic reports of Republic of Macedonia under the International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights, 58th Session (06 Jun 2016 – 24 Jun 2016). Пристапено преку http://tbinternet.ohchr.org
Цветковска, С. (2013, септември 7). Кампањата за абортус – зла намера со наши пари. *Нова ТВ*. Пристапено преку http://novatv.mk
Walby, S. (2015). *Crisis*. Cambridge & Malden: Polity Press.
World Health Organization. (2012). *Safe abortion: technical and policy guidance for health systems*. Geneva. Пристапено преку www.who.int